ПРОГРЕС Институт за социјална демократија
29 Ноември бр. 51/1-1, 1000 Скопје
Тел: 02 3061 770
www.progres.org.mk
contact@progres.org.mk

# Извештај за спроведени активности

за периодот јануари – декември 2023 година

## Локален проект - Kick-off и Заштита на животната средина (24-26.03.2023)

Во периодот 24-26.03.2023 во Охрид се одржа првата активност во рамките на Локалниот проект за 2023 година. Целта на настанот беше развивање на капацитетите на македонските партнерски организации во областа на заштитата на животната средина на локално ниво која беше утврдена во декември 2022г. На настанот присуствуваа пет претставници на шведските партнерски организации во својство на гостински предавачи и учесници од четири од петте македонски партнерки организации (ОО Битола, ОО Прилеп, ОО, Кочани и ОО Карпош).

Настанот се состоеше од три сегменти - презентација на шведските искуства од страна на предавачите; презентација на македонските национални искуства и утврдување на локални приоритети и изработка на локални акциски планови. Македонските партнерски организации изработија акциски планови по настанот и нивната имплементација е во тек. На следниот заеднички настан треба да презентираат до каде се со имплементацијата.

## Стратешко планирање на раководство на СДСМ (07-08.04.2023)

Во периодот 07-08.04.2023 во Охрид се одржа Стратешко планирање за раководството на СДСМ.

## Локален проект - Студиска посета на партнерите од Шведска (18-21.06.2023)

Во периодот 18-21.06.2023, имавме студиска посета на тројца претставници на општинските организации од од Шведска. Целта на посетата беше нивно запознавање со проектот, поради промени во нивните партиски структури. Посетата се состоеше од нивно запознавање со проектниот тим на ПИ и посета на општинската организација во Кочани, каде се запознаа со проектниот тим на ОО Кочани и присуствуваа на состанок на ИО на ОО Кочани.

## Политичка академија 2023, Модул 1 (19-21.05.2023)

На првиот модул од овогодинешната Политичка академија, кој се одржа во Охрид, беа обработени различни аспекти на социјалната демократија во насока на обезбедување

ПРОГРЕС Институт за социјална демократија
29 Ноември бр. 51/1-1, 1000 Скопје
Тел: 02 3061 770
www.progres.org.mk
contact@progres.org.mk

на теоретски знаења на учесниците за социјалната демократија и предизвиците со кои се соочува како идеологија и политика во денешно време.
Со сите предавачи и тренери учесниците имаа прво предавање, па потоа практична работа во групи.

На модулот беа обработени следниве теми:

- Вовед во политички систем и основи на социјална демократија
- Економски предизвици на социјалната демократија
- Заштита на животната средина
- Социјалната демократија и човековите права
- Родови перспективи во социјалната демократија

Оваа година учесниците на ПА, поделени во групи работеа на пишување на Документи за јавни политики на следниве теми:

- Низ неформално образование до активација на пазар на труд
- Ментално здравје
- Онлајн насилство
- Дали сме навистина секуларна држава?

**Политичка академија 2023, Модул 2 (09-11.06.2023)**

Вториот модул ПА2023 беше насочен на градење на капацитетите на учесниците во смисла на нивно стекнување вештини како идни лидери и политичари. Исто како и за време на првиот модул, прво имаа предавања од страна на експерти (практичари) на темите и потоа работа во групи.

За време на модулот беа обработени следниве теми:

- Застапување и лобирање
- Основи на односи со јавност
- Кризен ПР
- Јавен говор и јавен настап
- Политичка комуникација

Дополнително, учесниците имаа сесија на која ги презентираа првичните анализи на темите кои ги обработуваат за Документите за јавни политики.

**Политичка академија 2023, Модул 3 (22-24.09.2023)**

На третиот модул од ПА2023 кој се одржа во Охрид учесниците ги презентираа Документите за јавни политики. Исто како и на претходните два модули, прво имаа предавања од страна на експерти (практичари) на темите и потоа работа во групи.

За време на модулот беа обработени следниве теми:

- Надворешна и европска политика на Македонија – актуелни предизвици
- Значење на процесите на интеграција кон ЕУ за Република Северна Македонија
- Уверлив говор
- Сузбивање на трема пред камера
- Младински активизам

**Промовираме вклученост и се справуваме со нееднаквостите (04-05.02.2023)**

На тренингот „Промовираме вклученост и се справуваме со нееднаквостите“ кој се одржа во Битола, обучувачки беа 2 учеснички на Тренинг за тренери организиран во рамки на истиот проект.

Генерално, целта на овој тренинг беше јакнење на капацитетите на СДММ за застапување за правата на ЛГБТИ заедницата.

Во рамки на тренингот беа обработени следниве теми:

- Кратка историја на ЛГБТИ движењата во светски рамки и на Балканот
- Клучни поими и дефиниции
- Стереотипи и предрасуди
- Социјалдемократскиот пристап кон правата на припадниците на ЛГБТИ заедницата
- Национално законодавство (криминал од омраза, говор на омраза, млади и врсничко насилство помеѓу младите)

**Јавна дискусија „Демократијата и жртвите на семејно насилство“ (04.02.2023)**

Во рамки на јавна дискусија која се одржа во Битола беше промовирана публикацијата „Демократското право на глас и жените жртви на семејно насилство – заборавени меѓу ѕидовите“. Автор на публикацијата е д-р Наташа Димеска. Целта на публикацијата беше да се истражи дали жртвите на семејно насилство (во шелтер центрите) гласаат и како. На настанот беа презентирани наодите, заклучоците и препораките. Во публикацијата се наведени неколку препораки за подобрување на демократските услови (особено нивните избирачки права) на оваа специфична целна група што значи чекор напред во општиот демократски развој.

**Школа за женски активизам (IX генерација) – Семинар „Односи со јавност и медиумско претставување“ (24–25.6.2023)**

Во периодот 24–25.6.2023 година во Битола се одржа вториот семинар „Односи со јавност и медиумско претставување“ на Школата за женски активизам (IX генерација). Овој настан го организиравме заедно со Форумот на жени на СДСМ.

На семинарот беа обработени следниве теми:

- Функциите на јавниот говор и моќта на зборот во политичката комуникација - ефикасност, убедливост, етичност; вербална и невербална комуникација.
- Структура и специфичности на политички говор
- Политичка дебата на традиционални и социјални медиуми – Како се создава предност и кој добива, а кој губи?
- Негативна vs. црна кампања...
- Инклузивна и конзистентна комуникација - Дали е ова можно во македонската политика?
- Заклучок: Екстра километар до јавноста - Добриот ПР и ефектите од него

Учесничките имаа можност да се запознаат со техниките на јавниот и политичкиот говор и преку вежби за јавно говорење имаа можност практично да ги искусат спецификите на јавното говорење.

**Летен камп на СДММ „Трајче Нешковски“ (06-09.07.2023)**

Шеснаесеттиот летен камп на СДММ „Трајче Нешковски“ традиционално се одржа во Охрид, од 6-9 јули 2023 година. На настанот присуствуваа над 100 учесници, пет предавачи, осум политички говорници и тројца модератори.

Оваа година, СДММ даде приоритет на две главни области за градење капацитети за учесниците – *основно образование за социјалдемократски вредности* и *мобилизација на младите и политичка и јавна комуникација (јавен говор, јавен настап и основи на аргументирана дебата)*. Нашите партнери во Фондацијата „Макс Ван дер Штул“ ни обезбедија предавачи на темите: *Социјалдемократски вредности* и *мобилизација на младите*, каде учесниците имаа можност да се запознаат со современите перспективи и искуства релевантни за европската социјалдемократија. Во однос на политичките дискусии, ПИ и СДММ годинава го имплементираа новиот формат „Фишбоул“, каде традиционалните политички предавања беа заменети со многу поинтерактивна и понепосредна форма на дискусија каде самите учесници ги диктираа темите и темпото на поголемиот дел од дискусиите.

**Школа за женски активизам (модул IV) „Јавен говор и таргетирање на жени функционерки во медиуми“ (04-05.11.2023)**

Модулот 4 од овогодинешната Школа за женски активизам беше посветен на „Јавен говор и таргетирање на жени функционерки во медиуми“. Учесничките преку предавања и практични вежби имаа можност да се стекнат со вештини за успешен настап пред медиуми (особено прес конференција).

Темите кои ги обработуваа се следниве:

- Како до успешен јавен говор
- Преку практични вежби до успешен јавен говор
- Тренинг за контра напад на медиумски наративи.

**Социо-еколошки форум (10-11.11.2023)**

Третиот Социо-еколошки форум се одржа од 10 до 11 ноември 2023 година во Скопје, и беше посветен на „Градови во транзиција“. Прогрес Институт беше партнер во организацијата на настанот, заедно со Фондацијата „Фридрих Еберт“ и Интернационалниот центар „Олоф Пламе“.

**Тренинг за тренери за човекови права и права на ЛГБТИ заедницата (10-12.11.2023)**

Во рамки на проектот за справување со нееднаквостите на Западен Балкан организиравме регионален Тренинг за Тренери на кој учествуваа по двајца учесници номинирани од 4те организации од ЗБ вклучени во проектот (ПИ, ФЛИ од Босна и Херцеговина, ЦМВ од Србија и Фонд за Прогресивни политики од Црна Гора). Со овој тренинг, како прва активност во рамки на проектот, беше воведена новата методологија Champions of Change.

Учесниците имаа предавања и дискусии на темата, ги разгледуваа ЛГБТИ правата низ призмата на нееднаквоста и инклузијата но исто така дискутираа и за социјалдемократијата како идеологија и ЛГБТИ правата.

Дел од тренингот беше посветен на објаснување на новата методологија, обезбедување на потребни вештини за Шампионите на промени и планирање на идните чекори.

ПРОГРЕС Институт за социјална демократија
29 Ноември бр. 51/1-1, 1000 Скопје
Тел: 02 3061 770
www.progres.org.mk
contact@progres.org.mk

**Тренинг за човекови права и права на ЛГБТИ заедницата (16-17.12.2023)**

Како follow-up активност на регионалниот ТоТ следеше националниот тренинг на кој учесниците од ТоТ се обучувачи. Во рамки на обуката беа обработени следниве теми:

- Кратка историја за ЛГБТИ движењата;
- Стереотипи, предрасуди и дискриминација;
- Човековите права на припадниците на ЛГБТИ заедницата во Северна Македонија;
- Законска рамка (злосторства од омраза, говор на омраза, анти- дискриминација) и Недостатоци во законската регулатива/ имплементација;
- Концептот на инклузивност како дел од светскиот поредок.

**Регионална Тинк Тенк Конференција (01-03.12.2023)**

Од 01-03.12.2023 г. во Скопје се одржа годишната регионална конфернција на тинк тенкови со наслов „*Европска безбедност: Како да се искористи новиот моментум за проширување на ЕУ на Западен Балкан?*“. На конференцијата присуствуваа околу 50-тина учесници, претставници на тинк тенкови од сите 6 земји од Западен Балкан, политичари, професори и експерти од регионот, како и од Финска и Шведска.
На конференцијата се дискутираше за:

- Новата геополитичка улога на Европската Унија; Улогата на НАТО и ЕУ во осигурување на безбедноста на Западен Балкан;
- Руската агресија во Украина и импликации за земјите од Западен Балкан;
- Дали има нов импулс за проширување, и како да го искористиме истиот?;
- Која би била цената од непристапување кон Европската Унија?
- Проширување на ЕУ - Ревидирана методологија за проширување (REM) наспроти етапно пристапување, објаснување на двете методологии, и нивните позитивни и/или негативни страни од перспектива на Европската Унија, како и од страна на државите од Западен Балкан.

На заклучниот панел се дискутираше за:

- Што е следно за Северна Македонија;
- Како би изгледала ЕУ со 30+ членки?;
- Каква би била улогата на државите од Западен Балкан во Европската Унија?;
- Кои ќе бидат предизвиците за земјите од Западен Балкан после пристапувањето во ЕУ?.

Исто така на еден од панелите претставници на тинк тенкови од сите 6 земји од регионот имаа излагања за националните перспективи во однос на пристапувањето кон ЕУ.

**Годишна претседателска конференција на СДММ (08-09.12.2023)**

Социјалдемократската младина на Македонија имаше можност да учествува на конференција каде се дискутираа младинските приоритети и предизвици Локалните ограноци беа поделени во групи врз основа на нивната географска поставеност, каде што имаа задача да ги анализираат и да разговараат за нивните проблеми и да планираат да најдат заеднички решенија.

**Улогата на жените во предизборната кампања (16-17.12.2023)**

Во Битола на 16-17 декември се одржа работилница за членки на Форумот на Жени на СДСМ за улогата на жените во предизборната кампања, со цел јакнење на капацитетите пред почетокот на изборната кампања.

На работилницата беа обработени следниве теми:

- Говорот како алатка за комуникација, Моќта на јавниот говор
- Како до успешен јавен говор
- Публиката е најважна - психологија на слушателите
- Да пробаме заедно, зошто да не! (практични вежби индивидуално и во групи)

За време на работилницата се работеа практични вежби и учесничките се подготвуваа за различни видови јавни настапи.

ЕМБС: 06221963
Целосно име: Здружение на граѓани ПРОГРЕС
Институт за социјална демократија Скопје
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2023

## Биланс на приходи и расходи

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 201 | - - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210) | 7.743.404,00 | | | 6.080.017,00 |
| 203 | - - Потрошена енергија | 5.431,00 | | | 2.385,00 |
| 204 | - - Други услуги | 4.198,00 | | | 5.762,00 |
| 205 | - - Превозни и транспортни услуги | 79.613,00 | | | 157.062,00 |
| 209 | - - Наемнини | 184.800,00 | | | 390.370,00 |
| 210 | - - Други материјални расходи | 7.469.362,00 | | | 5.524.438,00 |
| 211 | - - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221) | 1.808.884,00 | | | 1.196.470,00 |
| 212 | - - Провизија за платен промет | 46.444,00 | | | 48.294,00 |
| 215 | - - Дневници за службено патување | 691.650,00 | | | 33.166,00 |
| 217 | - - Негативни курсни разлики | 32.867,00 | | | 16.523,00 |
| 219 | - - Други расходи | 1.037.923,00 | | | 1.098.487,00 |
| 230 | - - ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ(231+232) | 3.586.472,00 | | | 3.375.499,00 |
| 231 | - - а) Вкалкулирани плати | 3.586.472,00 | | | 3.375.499,00 |
| 235 | - - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234) | 13.138.760,00 | | | 10.651.986,00 |
| 236 | - - Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235 | 94.484,00 | | | 321.912,00 |
| 238 | - - Остварен нето вишок-добивка (236-237) | 94.484,00 | | | 321.912,00 |
| 239 | - - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252 | 13.233.244,00 | | | 10.973.898,00 |
| 244 | - - Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 12.264.890,00 | | | 10.879.414,00 |
| 247 | - - Други приходи | 32.969,00 | | | |
| 248 | - - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 935.385,00 | | | 94.484,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **250** | - - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+ 248+249 | 13.233.244,00 | | | 10.973.898,00 |
| **252** | - - ВКУПНО (250+251)=239 | 13.233.244,00 | | | 10.973.898,00 |
| **438** | - - Број на работници | 5,00 | | | 4,00 |

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | - - АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (002+003+008+009) | 114.913,00 | 537.445,00 | 462.272,00 | 75.173,00 |
| **3** | - - МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до 007) | 114.913,00 | 537.445,00 | 462.272,00 | 75.173,00 |
| **6** | - - Опрема | 114.913,00 | 537.445,00 | 462.272,00 | 75.173,00 |
| **10** | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024) | 62.895,00 | 290.323,00 | | 290.323,00 |
| **11** | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017) | 62.895,00 | 290.323,00 | | 290.323,00 |
| **12** | - - Жиро сметка | 62.811,00 | 290.239,00 | | 290.239,00 |
| **14** | - - Девизна сметка | 84,00 | 84,00 | | 84,00 |
| **28** | - - МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ, СИТЕН ИНВЕНТАР, ПРОИЗВОДСТВО, ПРОИЗВОДИ И СТОКИ (029 до 034) | | 35.207,00 | 35.207,00 | |
| **31** | - - Ситен инвентар | | 35.207,00 | 35.207,00 | |
| **42** | - - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041) | 177.808,00 | 862.975,00 | 497.479,00 | 365.496,00 |
| **44** | - - ПАСИВА - ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА | 45.774,00 | | | 6.081,00 |
| **45** | - - Деловен фонд | 45.774,00 | | | 6.081,00 |
| **46** | - - РЕВАЛОРИЗАЦИОНА РЕЗЕРВА | 37.550,00 | | | 37.503,00 |
| **62** | - - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065) | | | | 321.912,00 |
| **64** | - - Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година | | | | 321.912,00 |
| **67** | - - НЕРАСПРЕДЕЛЕН ДЕЛ ОД ВИШОКОТ НА ПРИХОДИТЕ-ДОБИВКАТА | 94.484,00 | | | |
| **69** | - - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068) | 177.808,00 | | | 365.496,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | за тековна година | |
|---|---|---|---|---|---|
| **651** | - - Набавна вредност на компјутерска опрема ) | 213.170,00 | | | 213.170,00 |
| **652** | - - Ревалоризација на компјутерска опрема | 42.207,00 | | | |
| **653** | - - Исправка на вредност на компјутерска опрема | 177.043,00 | | | 187.274,00 |
| **654** | - - Сегашна вредност на компјутерска опрема(< или = АОП 006 од БС) | 78.334,00 | | | 25.896,00 |
| **675** | - - Издатоци за авторски хонорари (< или = на АОП 219 од БПР) | 373.625,00 | | | 312.712,00 |
| **676** | - - Издатоци за повремени и привремени работи (< или = на АОП 219 од БПР) | 470.552,00 | | | 689.441,00 |
| **680** | - - Плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 3.586.472,00 | | | 2.229.108,00 |
| **681** | - - Придонеси на плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 1.004.214,00 | | | 945.121,00 |
| **682** | - - Даноци на плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 208.908,00 | | | 201.270,00 |
| **691** | - - Приходи од донации(< или = на АОП 244 од БПР) | 12.264.890,00 | | | 10.879.414,00 |
| **695** | - - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 5,00 | | | 4,00 |

## Распоредување на резултатот

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **351** | - - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА | 94.484,00 | | | 321.912,00 |
| **353** | - - Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ (351-352) | 94.484,00 | | | 321.912,00 |
| **359** | - - Нераспределен дел од вишокот на приходите-добивката | 94.484,00 | | | 321.912,00 |

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2598** | - 94.99 - Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место | | | | 10.973.898,00 |

**Потпишано од:**

Goran Dukoski

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2, OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.